„Не колнете се во лажните божества, ниту во вашите татковци.“

Од Абдурахман бин Семуре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не колнете се во лажните божества, ниту во вашите татковци.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, забранува колнење во „таваги“ (множина од „тагија“), што се однесува на идолите и лажните божества кои многубошците ги обожувале покрај Аллах. Тие идоли биле причина за нивното отфрлање на вистината и нивното неверство. Исто така, Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, забранува колнење во татковците, бидејќи тоа било вообичаено кај Арапите во периодот на незнабоштвото, кои се колнеле во своите татковци како израз на горделивост и величање..

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/8959